# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2183.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за класифицирани информации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2022 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА-КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ (*)

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат мерките и активностите за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации.

Член 2

Издавањето на безбедносен сертификат на лица-корисници на класифицирани информации започнува со поднесување на барање за издавање на безбедносен сертификат (во натамошниот текст: барањето).

Во барањето се дава образложение за потребата за користење на класифицираните информации согласно со принципот „потребно е да знае“.

Кон барањето се приложува пополнет безбедносен прашалник и соодветна документација за исполнетоста на условите утврдени со закон, согласно степенот на безбедносниот сертификат, и тоа:

- за идентитетот, возраста и државјанството на лицето за кое се бара сертификат (копија од важечка лична карта и патна исправа, доколку поседува);
- за деловната способност на лицето (уверение од надлежен суд);
- дека на лицето не му е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност (уверение од надлежен орган);
- дека лицето не е осудувано (уверение за неосудуваност не постаро од шест месеци) и
- дека лицето е обучено за ракување со класифицирани информации.

Член 3

Идентитетот, возраста, државјанството, деловната способност, неосудуваноста, податок дека на лицето не му е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и обученоста за ракување со класифицирани информации на лицето за кое се бара издавање на безбедносен сертификат, се утврдува од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во натамошниот текст Дирекцијата, врз основа на приложените документи кон барањето.

Постоењето на безбедносен ризик за лицето за кое се бара издавање на соодветен безбедносен сертификат, се утврдува од страна на Дирекцијата врз основа на спроведена безбедносна проверка од надлежните служби со што се утврдува постоење на безбедносни пречки за пристап и ракување со класифицирани информации, и тоа:

- само за лицето-барател на безбедносен сертификат за проверка од прв степен;
- за лицето-барател на безбедносен сертификат и лицата наведени во безбедносниот прашалник, за проверка од втор степен;
- за лицето-барател на безбедносен сертификат и лицата наведени во безбедносниот прашалник, за проверка од трет степен.

Член 4

Проценката за постоење на безбедносни пречки за лицето за кое се бара издавање на безбедносен сертификат, се утврдува преку факти, податоци од надлежни државни органи и институции или податоци и информации со кои располагаат органите надлежни за вршење на безбедносните проверки дали лицето или лицата наведени во безбедносниот прашалник, во зависност од степенот на безбедносната проверка:

1. извршило или се обидело да изврши, се здружило со други лица, помогнало или поттикнало друг да изврши (или да се обиде да изврши) какво било дејство поврзано со шпионажа, тероризам, насилен екстремизам, сите форми на сериозни и организирани криминални активности насочени против државата, човечноста и меѓународното право, нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата, како и други активности поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата;
2. било или е соработник на лица кои извршиле дејствија од точка 1 на овој член, или соработник на лица за кои постои основано сомневање дека биле вклучени во такви активности, или на лица кои имаат контакти важни од аспект на националната безбедност со претставници на организации или странски држави, вклучувајќи ги и разузнавачките служби на странски држави, кои можат да ја загрозат националната безбедност на државата или меѓународните сојузи и организации во кои членува државата, освен ако таквите контакти се во рамки на службена должност;
3. било или е член на некоја група или организација која презема или преземала антидржавни насилни, субверзивни или други незаконски средства;
4. било или е поддржувач на која било група или организација опишана во точка 3 од овој член, или било или е тесно поврзано со членовите на такви групи или организации;
5. задржувало, погрешно претставувало или фалсификувало информации од значење, особено од безбедносна природа, или намерно лажело при пополнувањето на безбедносниот прашалник или за време на безбедносното интервју;
6. е осомничено или обвинето за кривично дело, кое може да претставува безбедносна пречка за пристап и ракување со класифицирани информации;
7. во периодот којшто е утврден како релевантен за степенот на безбедносна проверка, лицето било осудено за кривично дело кое може да претставува безбедносна пречка за пристап или ракување со класифицирани информации;

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Одлуката на Советот од 23 септември 2013 година во однос на правилата за безбедност за заштита на класифицирани информации на ЕУ, CELEX број 32013D0488.

8. има сериозни финансиски тешкотии или необјасниво се збогатило;

9. има историја на зависност од алкохол, употреба на дроги или психотропни супстанции и/или злоупотреба на лекови;

10. било или е вклучено во активности што може да доведат до ризик од ранливост на уцени или притисок, вклучувајќи и каква било форма на сексуално вознемирување;

11. демонстрирало нечесност, нелојалност, недоверливост, индискретност или лојалност кон друга држава;

12. сериозно или постојано ги прекршувало критериумите, мерките и активностите за заштита на класифицирани информации или се обидело или успеало или било инволвирано во неовластена активност во однос на комуникациско-информациските системи;

13. страдало или страда од каква било болест или ментална или емоционална состојба која може да предизвика значителни недостатоци во неговото расудување или доверливост или може да го направи лицето, ненамерно, потенцијален безбедносен ризик, што се утврдува врз основа на медицинска документација;

14. може да подлежи на притисок на роднини или блиски соработници кои би можеле да бидат ранливи на странски разузнавачки служби, на терористички групи или на други субверзивни организации или поединци чии интереси можат да ги загрозат безбедносните интереси на државата.

Член 5

Пред издавање на прв безбедносен сертификат за пристап до информации класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“, безбедносната проверка што се спроведува ги опфаќа најмалку последните пет години, односно од 18–тата година на живот на лицето-барател на безбедносен сертификат до моментот на проверката, доколку тој период е пократок од пет години, и ги опфаќа следните активности:

1. проверка на идентитетот, датумот и местото на раѓање, возраста и државјанството (сегашно и поранешно) на лицето;

2. проверка во кривичната, казнената и прекршочната евиденција и други евиденции на надлежни органи со цел проверка на податоци за постоење на безбедносни пречки;

3. проверка на податоците за образованието почнувајќи од средното училиште па до моментот на проверката;

4. проверка на податоците за вработувањето со цел да се процени ефикасноста и лојалноста на лицето како вработен;

5. проверка на податоците за постоење на безбедносен ризик од активности и членство во организации и групи кои имаат за цел нарушување на безбедноста на Република Северна Македонија;

6. ако првичните резултати од проверката откриле потенцијално негативни информации, спроведување на интервју со лицето-барател на безбедносен сертификат или лицата за контакт наведени во безбедниот прашалник со цел добивање на дополнителни информации кои би можеле да влијаат при утврдувањето на лојалноста, доверливоста и безбедносниот ризик кај лицето;

7. проверка на податоците (каде што е применливо) за воената и полициската служба на лицето;

8. проверка на податоци за престој и активности во други држави со цел да се утврди дали лицето има интереси и контакти кои се важни од аспект на националната безбедност и кои би претставувале ризик од попуштање на лицето под нивен притисок;

9. проверка на податоците за здравствената состојба;

10. активностите со опојни дроги и/или алкохол со цел да се утврди дали лицето е зависно од алкохол, дрога или други психотропни супстанции, боледувало или боледува од болести или ментални состојби кои можат да претставуваат безбедносен ризик во однос на неговата способност за правилно одлучување;

11. проверка на податоците за претходни безбедносни сертификати со цел да се утврди како лицето се однесувало при ракувањето со класифицираните информации;

12. проверка на податоците од социјалните медиуми со цел добивање на дополнителни информации кои би можеле да влијаат при утврдувањето на безбедносниот ризик кај лицето-барател на безбедносен сертификат.

Член 6

Пред издавање на прв безбедносен сертификат за пристап до информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“, безбедносната проверка што се спроведува ги опфаќа најмалку последните десет години, односно од 18–тата година на живот на лицето до моментот на проверката доколку тој период е пократок од десет години и, покрај активностите од членот 5 од оваа уредба, ги опфаќа и следните активности:

1. проверка на идентитетот, датумот и местото на раѓање, возраста и државјанството (сегашно и поранешно) на лицата наведени во безбедносниот прашалник и

2. проверка на податоците за личната финансиска и имотна состојба со цел да се процени секоја ранливост на странски или домашни притисоци поради сериозни финансиски тешкотии или да се открие некое необјаснето збогатување.

Член 7

Пред издавање на прв безбедносен сертификат за пристап до информации класифицирани со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ безбедносната проверка што се спроведува ги опфаќа најмалку последните десет години, односно од 18–тата година на живот на лицето до моментот на проверката, доколку тој период е пократок од десет години, покрај активностите од членовите 5 и 6 од оваа уредба, содржи и спроведување на интервју со цел утврдување на способноста на лицето за ракување со класифицирани информации.

Член 8

Доколку при безбедносната проверка се добијат сознанија кои се дел од проверките за издавање на безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации од повисок степен истите ќе бидат земени во

предвид при утврдувањето на безбедносните пречки за издавање на безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации од понизок степен.

Член 9

Врз основа на безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија, согласно со принципот „потребно е да знае", од страна на Дирекцијата се издаваат безбедносни сертификати за пристап и до класифицирани информации на НАТО, на Европската Унија или на други меѓународни организации и сојузи во кои членува државата, за што се врши дополнителна безбедносна проверка за лицето, во која се испитува дали тоа лице имало евентуални активности против интересите на странската земја или меѓународната организација за чиишто класифицирани информации се бара издавање на безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации.

Член 10

По барање на Дирекцијата, до Агенцијата за национална безбедност и надлежните служби на Министерството за одбрана, може да се спроведат дополнителни проверки.

Член 11

Од страна на Дирекцијата, пред издавањето на безбедносниот сертификат, може да бидат побарани на увид документите од спроведената безбедносна проверка.

Од страна на Агенцијата за национална безбедност и надлежните служби на Министерството за одбрана на Дирекцијата ѝ се овозможува увид во документите од безбедносната проверка, најдоцна 10 дена од побараниот увид од став 1 на овој член.

Член 12

Од страна на Дирекцијата може да се спроведат дополнителни проверки во соработка со националниот безбедносен авторитет во државата во која лицето престојува или престојувало.

За лицата-баратели на безбедносен сертификат кои имаат или имале двојно или повеќекратно државјанство, пред издавањето на безбедносниот сертификат од страна на Дирекцијата може да се побараат податоци од надлежните органи на странската држава/странските држави чие/чии државјанство/државјанства има или имало лицето.

Лицата од став 2 на овој член, за потребите на безбедносната проверка, доставуваат копија од важечка лична карта и патна исправа издадени од други држави, доколку поседуваат.

Член 13

Доколку по првото издавање на безбедносниот сертификат лицето има непрекината служба во органот во кој се ракува со класифицирани информации и има постојана потреба за пристап до класифицирани информации, согласно со принципот „потребно е да знае", може да се побара продолжување на важноста на безбедносниот сертификат за тоа лице.

Безбедносната проверка за продолжување на важноста на безбедносниот сертификат го опфаќа периодот од претходната безбедносна проверка до моментот на новата проверка.

Продолжувањето на важноста на безбедносниот сертификат се врши на ист начин како и издавањето на безбедносниот сертификат од член 2 од оваа уредба.

Член 14

Доколку во текот на важноста на безбедносниот сертификат за одредено лице се појави информација која може да влијае на понатамошното важење на безбедносниот сертификат, а која треба дополнително да се провери, Дирекцијата ќе побара од офицерот за безбедност на класифицирани информации во органот во кој се ракува со класифицирани информации да го повлече безбедносниот сертификат од лицето до завршување на постапката за утврдување на безбедносен ризик за лицето.

Член 15

Кога некое лице, заради добивање функција или извршување на итна и неодложна службена задача има потреба од безбедносен сертификат со повисок степен, таков безбедносен сертификат може да му биде издаден, со важност до шест месеци, доколку се исполнети следните услови:

- лицето да поседува безбедносен сертификат од понизок степен;
- да е започната постапка за издавање на соодветен безбедносен сертификат и
- од дотогаш извршените проверки да не е утврдено постоење на безбедносни пречки.

Член 16

Заради извршување на итна и неодложна службена задача може да се дозволи еднократен пристап до информации класифицирани за еден степен повисоко од степенот на безбедносниот сертификат кој лицето веќе го поседува ако:

- активноста за која е потребен пристапот до класифицирани информации е образложена во писмена форма од функционерот кој раководи со органот во кој е вработено лицето;
- лицето веќе има безбедносен сертификат со еден степен на класификација понизок од степенот на класификација на информацијата за којашто се бара еднократен пристап и
- не постојат сознанија кои укажуваат на прекршување на критериумите, мерките и активностите за заштита на класифицирани информации во дотогашното однесување на лицето.

За овие случаи офицерот за безбедност на класифицирани информации води евиденција која содржи и информација за класифицираните информации до кои бил дозволен пристап.

Член 17

Лицата-корисници на класифицирани информации кои вршат пренос на класифицирани информации (курири) и лицата кои обезбедуваат заштита на информа-

ции класифицирани со степен „ДОВЕРЛИВО“ треба да имаат безбедносен сертификат со степен најмалку „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“.

За пренос на информации класифицирани со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и „ДРЖАВНА ТАЈНА“ лицата-корисници на класифицирани информации што вршат пренос на класифицирани информации (куририте) и лицата кои обезбедуваат заштита на класифицирани информации, треба да поседуваат безбедносен сертификат со степен соодветен на степенот на класифицираните информации што се пренесуваат.

Лицата-корисници на класифицирани информации што вршат пренос на класифицирани информации (куририте) и лицата кои обезбедуваат заштита на класифицирани информации, треба да бидат запознаени со безбедносните процедури за ракување со класифицирани информации, да добијат инструкции за нивните задолженија и за тоа како да ги чуваат класифицираните информации кои им се доверени.

Член 18

Корисниците на класифицирани информации, пред да им се врачи безбедносниот сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО“ и повисоко или пред да имаат пристап до класифицирани информации со степен „ИНТЕРНО“, се информираат од страна на офицерот за безбедност на класифицирани информации за безбедносните мерки и процедури и нивните обврски при ракувањето и чувањето на класифицираните информации.

Најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто, од страна на офицерот за безбедност на класифицирани информации, корисниците на класифицирани информации повторно се информираат за нивните обврски кои произлегуваат од Законот за класифицирани информации(*).

По првичното и повторното запознавање со нивните обврски, корисниците на класифицираните информации потпишуваат изјава со која потврдуваат дека целосно ги разбрале одредбите од Законот за класифицирани информации(*).

Изјавите од став 3 на овој член, се чуваат кај офицерот за безбедност на класифицирани информации.

Изјавите за извршените информирања на корисниците за пристап до НАТО класифицирани информации, класифицирани информации на Европската Унија и други странски класифицирани информации, се чуваат во подрегистрите односно контролните точки.

Корисниците на класифицирани информации пред да имаат пристап до информации на Република Северна Македонија со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ се информираат од страна на офицерот за безбедност на класифицирани информации, за безбедносните мерки и процедури и нивните обврски при ракувањето и чувањето на истите, за што потпишуваат изјава со која потврдуваат дека целосно ги разбрале одредбите од Законот за класифицирани информации(*).

Член 19

Доколку странско физичко или правно лице има потреба за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија, органот во кој се ракува со класифицирани информации и до чии класифицирани информации се бара пристап, поднесува барање до Дирекцијата за издавање на дозвола за пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија.

Со барањето за издавање на дозволата за пристап до класифицирани информации, се приложува:

- објаснување за потребата, временскиот период на пристап, како и степенот на класификација на информациите до кои се бара пристап;

- безбедносен сертификат за соодветен степен на класификација за физичкото или правното лице за кое се бара издавање на дозволата за пристап до класифицирани информации, издаден од надлежен орган на странската држава со која Република Северна Македонија има склучено билатерален договор за заштита на класифицирани информации ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија или странска држава којашто е членка на НАТО и

- копија од патна исправа или друг важечки документ за идентификација.

Ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на податоците кои државните органи во согласност со закон ги разменуваат со странски безбедносно-разузнавачки служби и организации.

Член 20

Пред на странското физичко или правно лице да му се дозволи пристап до класифицирани информации на Република Северна Македонија, офицерот за безбедност на класифицирани информации во органот кој го поднел барањето за дозволата за пристап, го запознава со неговите обврски од Законот за класифицирани информации(*).

По запознавањето со нивните обврски, странските физички лица потпишуваат изјава (со превод на англиски јазик) дека целосно ги разбрале одредбите од Законот за класифицирани информации(*).

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за безбедност на лица корисници на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/04).

Член 22

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3115/1
5 јули 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.